**Од ГРАЃАНСКА ВЛАДА НА РМ** **<u>како Совет и совест на граѓаните</u>**

**<u>за заштита на граѓаните, на државните и на националните интереси</u>**

10.05.2017 г.

С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КАБИНЕТ
СКОПЈЕ

| Примено | 12.05.2017 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.единица | Број | Прилог | Вредност |
| | | | |

ДО

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА Р.МАКЕДОНИЈА

Г-дин Ѓорге Иванов

ДО ЈАВНОСТА

**БАРАЊЕ за недавање мандат за формирање влада на Зоран Заев**

**или кој било друг кој работи против националните и државните интереси**

Почитуван Г-дине Претседателе Иванов,

Со особена чест, членовите на Граѓанската влада на РМ (<u>во формирање</u>), како **совет и совест на граѓаните, која ќе ја има својата највисока граѓанска функција – ГРАЃАНСКА ВЛАДА за заштита на граѓаните, на државните и на националните интереси,** Ви честитаат за Вашата вложена енергија за решавање на политичката криза во Македонија и Ви посакуваат натамошен успех во вршењето на претседателската должност во интерес на Република Македонија.

Во овој крајно критичен и чувствителен момент за македонската држава и за македонските граѓани, кога <u>се соочуваме со последиците од изменацираните/наместените избори со кои ние, граѓаните-носители на државниот суверенитет и нашето гласачко право бевме недозволено злоупотребени/изиграни, противуставно, со наметнат нелегитимен пратенички состав во Собранието на РМ</u>, а тој противуставен и противдржавен чин продол-жува со нелегитимно избраниот Претседател на Собранието на РМ и со диктати и притисоци за формирање на нелегитимна Влада, <u>после Вас, Претседателот на РМ, како прв и единстве-ниот браник во последниов период, ГВ, како највисоко граѓанско тело, ќе биде вториот браник кој одлучно, совесно и одговорно ќе застане за заштита и одбрана и на граѓаните и на државните институции,</u> и сега и во сите други слични ситуации, во кои ќе биде загрозен и ќе биде доведен во прашање, на каков било начин, нашиот идентитет, државните и националните интереси, одредби/ особености, карактер и нашиот опстој, а исто така и во нормални услови, како најсоодветен коректив на институциите во државата.

ГВ на РМ одлучно е против давањето мандат на Зоран Заев за формирање на влада.

Давањето мандат на Зоран Заев не само што нема да ја надмине политичката криза во државата, туку сметаме дека со тоа кризата ќе се продлабочи.

Ќе наведеме повеќе аргументи кои не се во прилог за давање мандат на г-дин Зоран Заев за формирање влада:

1. Зоран Заев е главниот "играч"/учесник од македонска страна кој ја водеше целата велепредавничка акција против интересите на македонската држава, на македонскиот народ и на македонските граѓани, за што постојат сите релевантни докази и од домашни, но и од странски извори (кои се повеќе излегуваат на виделина), како што е објавата на Викиликс на преписката помеѓу Стејт Департментот и Амбасадата на САД во Скопје, кои ја евидентирале соработката на политичката партија од Македонија, СДСМ, со косовските терористи за планираниот напад што и се случи во Диво Населе во Куманово на 09.05.2015 г.),(објавено на 9.05.2017 г. на повеќе портали), а и сите други лобирања надвор од државата со кои Заев лицитираше/ја распродаваше Македонија и македонските национални и државни интереси, како со албанската дијаспора во Швајцарија, на кои им вети двојазичност, бинационалност, како предуслов за федерализација и рушење на унитарноста на државата.

2. Зоран Заев, после изборите во договор со албанските партии, под влијание на Тирана, ја прифаќа тиранската платформа која не е во интерес и заштита на граѓаните, на државните и националните интереси.

3. По иницијатива на парламентарното мнозинство на СДСМ и албанските партии, нелегитимно и спротивно на Уставот на државата и законитоста, избран е Претседател на Собранието. По нелегитимниот избор на Претседател на Собранието, истиот со своите провокативни постапки, уште повеќе придонесува за продлабочувањето на постојната криза.

4. Заев изјавува дека очекува мирен трансфер на власта и формирање влада, а во исто време неговите коалициски партнери, не само што не се откажуваат од ставовите во декларираната спорна платформа, туку истите ги промовираат и афирмираат преку медиумите.

5. Заев, со децидно неотфрлување на тиранската платформа застапува антиуставна и антизаконска политика. Тоа е и причина за острото незадоволство и спротивставување на граѓаните, манифестирано со секојдневни масовни протесни собири.

6. Со контрадикторните изјави на Зоран Заев во странските медиуми особено српските и бугарските, каде што наведува дека Македонците се Бугари, а потоа дека Македонците се Срби ја обезвреднува македонската државност.

7. Со изјавата дека во Србија на власт е националистичко раководство, Заев непримерно ги влошува меѓусоседските односи.

Има уште многу примери кои можеме да ги наведеме како аргументи против давањето мандат на Зоран Заев, а кои се стручно и научно издржани и ќе можат соодветно да ги поткрепат стручни лица од повеќе области.

За излез и надминување на кризата потребни се повеќе фактори, но еден од нив би бил јасниот и недвојбен став на граѓаните и на Претседателот на РМ дека никој во Р. Македонија ја нема поддршката од граѓаните ниту од Претседателот на РМ да биде Претседател на Собрание, Претседател на Влада и да добие мандат за формирање влада, сѐ додека **активно се залага за рушење на државата и ги распродава граѓанските, националните и државните интереси.**

Откако ќе се утврди дали предвремените избори, на чии нелегитимни резултати се засноваат добиените мандати, биле легитимни и регуларни, а ако не се, тогаш надлежната државна институција, Основното јавно обвинителство, да утврди зошто и поради кои причини се нерегуларни (поднесено Барање за прогласување на изборите за нерегуларни од 20.03.2017 г., Ваш број: 12-77/17), па потоа да се продолжи процесот за давање мандат од Претседателот на РМ.

Самото откажување од тиранската платформа, доколку и се откаже Заев, не е никаква гаранција, ниту тој може да биде гарант за заштита на нашите граѓански, национални и државни интереси и за зачувување на државата, Р.Македонија.

Лидерот на СДСМ, Зоран Заев е недостојна, неодговорна, несовесна личност, кој работи против интересите на сопствениот народ и на сопствената држава и нема уставно и законско право да биде назначен да врши високи и одговорни државни функции.

Но, исто така, доколку на негово место дојде друго лице, доколку и тој ги има истите тие заложби поради кои е НЕДОПУСТЛИВО да добие мандат за формирање влада, да не му давате мандат да формира влада.

Со особена почит, од предложените членови на Граѓанска Влада (во формирање),

проф.д-р.Стефан Влахов Мицов, проф.д-р.Солза Грчева, проф.д-р.Ивица Јосифовиќ, проф.Елена Мисиркова, Мирка Велиновска - новинар, Александар Станкоски - уметник, проф.д-р. Александар Климовски, проф.д-р.Јованка Кепеска, проф.д-р.Зоран Крстевски, Академик проф. д-р.Ангел Џамбазоски, проф.д-р. Ѓорѓи Спасов, проф. д-р. Стојче Десковски, Благородна Никодиновска, педагог, проф. д-р.инг.Цветан Гавровски, проф.д-р.Виолета Ачкоска

За Граѓанска влада на РМ
Проф.д-р. Ѓорѓи Спасов

Барањето е поддржано од:

Здружение на граѓани Граѓанска иницијатива за здраво, достоинствено и возвишено живеење ПРЕРОДБА

Движење за граѓанско-цивилизациски вредности

Македонски манифест

Здружение на граѓани За праведно судење и примена на законот "ЗАПРИ"
Граѓанска иницијатива "За заедничка Македонија"

Граѓанска иницијатива "За заедничка Македонија"

Контакт: 075/600-937, 077/581-871